**Општина Радовиш**
број 35-782 /4
дата 08.05.2023 год.

**До**
**МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ**
Ул."Донбас" бр. 14/1-6
1000 С К О П Ј Е
**Бојан Трпевски**
**btrpevski@myla.org.mk**

**Предмет:** Одговор по барање наш бр. 35-782/1 од 26.04.2023 година
ваш бр.нема од 25.04.2023 година

Во врска со вашето барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, а по претходно постапување со Сектор за инспекциски надзор, ЕЛС Општина Радовиш, Ве информираме:

Извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Југоисточен регион нема подготвено, бидејќи ингеренциите за регионално управување со отпад е комплетно префрлено на Централно ниво, односно на Владата на РСМ со Одлуки на Советите на сите десет општини од регионот.

Во прилог го доставуваме Регионалниот план за управување со отпадот за Југоисточниот Регион во електронска форма.

Со почит,

**Овластено лице од**
**Имателот на информации**
**во општина Радовиш**
**Весна Конзулова**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„УПРАВЕН ОРГАН"
ОПШТИНА РАДОВИШ

Бр. 35-1046
08 05 23
Радовиш

Согласно член 20 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер (Сл.Весник на РСМ 101/2019), имателот на инормација ЕЛС Општина Радовиш на барање на барателот на информација, МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ, на ден 04.05.2023 година, овластеното лице од имателот на Информација го изготвува следниот:

## ***З А П И С Н И К***

Записникот е составен на ден 04.05.2023 година во 12 часот во просториите на локалната самоуправа, помеѓу овластеното лице од ЕЛС Радовиш, како имател на информации од јавен карактер Весна Конзулова, во отсуство на претставник од барателот на информација.

На барателот на информација овозможено му е одговор по електронски пат за што се изготви овој записник.

Барањето со архивски број нема од 25.04.2023 година, добиен на маил, а примено со наш архивски број 35-686/1 од 03.04.2023 година, а се однесува на барање за доставување на информација во врска со:

Двогодишните извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпадот за Југоисточниот регион кои Мегуопштинскиот одбор за управуввање со отпадот ги изготвил за периодот од 2016 година заклучно со 2023 година и ги доставил до советот на општината членот 18-а став 7 од Законот за управување со отпадот.

Одговор: Извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Југоисточен регион нема подготвено, бидејќи ингеренциите за регионално управување со отпад е комплетно префрлено на Централно ниво, односно на Владата на РСМ со Одлуки на Советите на сите десет општини од регионот.

Во прилог го доставуваме Регионалниот план за управување со отпадот за Југоисточниот Регион во електронска форма.

Овластеното лице од имателот на информации со направениот тест за штетност утврди дека дадените информации не подлежат на заштитени, односно класифицирани информации и дека истите можат и се достапни за јавноста.

Записникот да се достави на маил адреса на барателот **Бојан Трпевски** **btrpevski@myla.org.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"УПРАВЕН ОРГАН"
ОПШТИНА РАДОВИШ

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
**Весна Конзулова**
**v.konzulova@radovis.gov.mk**

08.05.2023 год
Радовиш

# ОПШТИНА РАДОВИШ

Единица на локална самоуправа Радовиш, бул. "А.Македонски", бр. 7, 2420 Радовиш, Република Северна Македонија
Тел. (032) 617-700 / Факс. (032) 617-701 / веб страна: radovis.gov.mk / ел. пошта: radovis@radovis.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ, со наш архивски број 35-782/1 од 26.04.2023 година, Општина Радовиш го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. Барањето од МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ, **СЕ УВАЖУВА.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер, а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на барателот МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ, со наш архивски број 35-782/1 од 26.04.2023 година Општина Радовиш **со ова Решение го уважи Барањето.**

По претходно постапување со Сектор за инспекциски надзор, ЕЛС Општина Радовиш:

Извештаи за реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Југоисточен регион нема подготвено, бидејќи ингеренциите за регионално управување со отпад се целосно префрлени на Централно ниво, односно на Владата на РСМ, со Одлуки на Советите на сите десет општини од регионот.

Во прилог го доставуваме Регионалниот план за управување со отпадот за Југоисточниот Регион во електронска форма.

Согласно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер - во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
Весна Конзулова

ОПШТИНА РАДОВИШ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Ацо Ристов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
ОПШТИНА РАДОВИШ